**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДОТ ВО 2006 ГОДИНА

**Вид на материјалот** **01- Су. бр. 5/2007**
**Годишен извештај** **31.01.2007 година**

I. **<u>Клучни согледувања за работата на судот во 2006 година</u>**

1. **<u>Постигнат е успех во постапувањето по предметите</u>**, кој се состои во следново:

1.1. **<u>Во работа се ставени 56,2 % повеќе предмети од предметите во работа за 2005 година</u>**.

Имено, во 2005 година во судско постапување биле вкупно 220.653 предмети, а во 2006 година 392.056 предмети, што е зголемување од 56,2%.

1.2 **<u>Постигнато е 63,4% намалување на зголемувањето на бројот на нерешените предмети споредено со претходната година.</u>**

Имено, успешно е совладана тенденцијата на зголемување на бројот на нерешени предмети.

Со ажурирањето на податоците (детално изложено во Глава II, точка 1 од годишниот извештај) констатирано е дека во судот се во работа и 148.267 нерешени предмети. Со вака ажурираните податоци следува дека заклучно со 2005 година нерешени останале 239.043 предмети.

На крајот на 2006 година нерешени останале 267.521 предмети. Споредено со податоците заклучно со 2005 година следува дека бројот на нерешени предмети се зголемил за 28.478 предмети, што претставува 63,4 % намалување на зголемувањето на бројот на нерешени предмети. Имено, во претходната 2005 година бројот на нерешени предмети се зголемил за 44.874 предмети (без дополнително пронајдените 148.267 нерешени предмети).

1.3.**<u>Успех во решавањето на стари - нерешени предмети</u>** според стандардите на Апелациониот суд Скопје.

Според усвоените стандарди на Апелациониот суд Скопје - Скопје за стари-нерешени предмети се сметаат сите нерешени предмети постари од 2 години (според денот на заведувањето во уписниците ), не сметајќи ја и тековната година.

2006 година судот ја завршил со 4.331 вакви стари нерешени предмети. Во 2005 година како вкупно нерешени–стари предмети останале 11.219 предмети (без ажурираните податоци за предметите во три отсеци за кои следува детално изложување во Глава II, точка 1 од годишниот извештај). Од изложеното следува дека судот во 2006 година го намалил бројот на ваквите предмети за 6.888 во споредба со 2005 година односно дека постои намалување во оваа смисла од 61,39 %.

Конкретно, решени се 5 преостанати нерешени предмети од 1990 година, 1 преостанат нерешен предмет од 1991 година, потоа решени се и 3 предмети од 1992 година, (а останал уште еден нерешен), 4 од 1993 година, (а останале уште 4 нерешени ), 8 од 1994 година, ( а останал уште 4 нерешени), 11 од 1995 година, 16 предмети од 1996 година.

**Во судот нема стари-нерешени предмети заведени пред 1992 година**. Има само еден нерешен предмет од 1992 година, 4 од 1993 година, 9 од 1994 , 12 од 1995 година. Најмногу стари-нерешени предмети има од 2004 година ( 1557). (без ажурираните податоци за предметите во три отсеци за кои следува детално изложување во Глава II, точка 1).

1.4.**Позитивна тенденција во однос на бројот на решените предмети**

Во 2006 година постои незначително отстапување од 4,11 % во намалувањето на бројот на решените предмети. Но, тоа не влијае на позитивната тенденција во однос на зголемувањето на бројот на решените предмети, согледано споредбено за периодот 2001 - 2006 година.

2. **Зголемено е задоволството на граѓаните од работата на судот**

2006 година судот ја заврши со зголемување на процентот на задоволство кај граѓаните - корисници на услугите на судот. Имено, во соработка со Проектот за модернизација на судството во Македонија (ПМСМ), во неколку наврати од 29.03.2005 година до 14.11.2006 година спроведено е анкетирање на граѓаните-корисници на услугите на судот, како и на вработените во судот со пополнување на соодветен прашалник - Q 10. Клучните нумерички показатели во прашалникот укажуваат на фактот дека 2006 година судот ја завршил со 84,65 % задоволство од односот на вработените во судот, 79,77 % задоволство од постапувањето на судиите и 75,15 % задоволство од учинокот на судот.

3. **Активно учество на судот во процесот на судските реформи**

3.1. Уште во претходната 2005 година **Основниот суд Скопје II Скопје е избран за пилот суд во програмата за модернизација на судовите - Проект за модернизација на судството во Македонија (ПМСМ) финансиран од УСАИД.**

Програмата има за цел намалување на заостанатите нерешени предмети во судот преку формирање на соодветни комисии за следење на предметите (детално изложено во делот за отсеците за граѓански парнични предмети и кривични предмети ). Потоа, проектот се одвива и во насока на зголемување на безбедноста на судот (детално изложено во делот за условите за работа), како и во насока на спроведување на анкети за следење на ефектите од работата на судот (детално изложено во делот за задоволството на граѓаните од работата на судот).

3.2. **Автоматска распределба на предметите**

Во октомври 2006 година инсталирана е софтверска подршка за автоматска распределба на предметите кои се ставаат во работа и се доделуваат на постапување на соодветен судија. По инсталацијата спроведена е и иницијална обука на одговорните службеници-водители на уписници. По завршување на обуката и тестирање на овој систем, Основниот суд Скопје II Скопје ќе почне со активна примена на оваа апликација, а во функција на јакнење на начелата за независно судство и отстранување на секакво сомневање во евентуална пристрасност или нееднаков пристап на судот при распределбата на предметите кои се ставаат во работа и се доделуваат на постапување на соодветен судија.

3.3. **Учество на судот во изготвувањето на новиот Судски Деловник**

Судиите Јованка Спиревска-Панева, Верица Симовска и Зденка Сибиновска се членови на работната група формирана од Министерството за правда на РМ што го изготвува новиот Судски Деловник.

3.4. **Номинација на судии за едукација на правилата на меѓународното казнено право и правилата на Хашкиот трибунал**

Овој суд ги определи судиите Горан Бошевски, Цветанка Периќ, Владо Џилвиџиев, Љубинка Башевска, Лидија Неделкова, Јани Нича, Павлина Христовска и Мујдин Бајрами како судии од овој суд кои треба да бидат едуцирани во оваа смисла.

3.4 **Започната е активна соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители**

Во декември 2006 година овој суд го определи судијата Јани Нича како контакт лице-одговорно за тренинг програмата што ќе ја спроведува Академијата. Судот достави и соодветни мислења до Академијата, а во функција на определување на темите што ќе бидат предмет на програмите за едукација. Судот го определи секретарот на судот како контакт лице за тренинг програмата за раководните и стручните службеници, а посочи и теми што ќе бидат предмет на програмите за обука.

3.5. **Доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер**.( „Службен весник на РМ" бр.13/2006 )

Судот изготви листа на информации и определи одговорно лице за давање на информации.

Судот располага и со просторија за вршење увид и за разгледување на предмети, а при разгледувањето од овластени службени лица од судот се даваат

неопходни упатувања на лицата кои вршат увид, разгледување на списи, односно кои бараат соодветна информација со која располага судот.

II. **Обем на работа во 2006 година, примени предмети, предмети во работа, решени и нерешени предмети.**

| ВИДОВИ ПРЕДМЕТИ | | Нерешени предмети од претх. извештаен период | Примени предмети | Вкупно во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | | |
| Истраги | | 653 | 1005 | 1658 | 941 | 717 |
| Истражни дејствија | | 825 | 2266 | 3091 | 2105 | 986 |
| Кривични полнолетни | | 2047 | 2671 | 4718 | 2533 | 2185 |
| Кривични малолетни | | 172 | 370 | 542 | 401 | 141 |
| Разни кривични предмети | | 117 | 1192 | 1309 | 1309 | 0 |
| Прекршочни предмети | | 38385 | 29318 | 67703 | 42691 | 25012 |
| Извршни санкции | Кривично | 818 | 2771 | 3589 | 1375 | 2214 |
| | Мерки безбедност | 1004 | 275 | 1279 | 534 | 745 |
| | Прекршоци | 12782 | 21351 | 34133 | 18376 | 15757 |
| Помолници кривични | | 66 | 140 | 206 | 102 | 104 |
| Други кривични дејствија | | 0 | 14419 | 14419 | 14419 | 0 |
| | **В К У П Н О** | 56869 | 75778 | 132647 | 84786 | 47861 |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | | | |
| Спорни граѓански предмети | | 0 | | 0 | | 0 |
| Граѓански парници | | 2887 | 5208 | 8095 | 4838 | 3257 |
| Стопански парници | | 378 | 1535 | 2512* | 1085 | 1427 |
| Стечај,присилно порамнување | | 607 | 967 | 1574 | 1185 | 389 |
| Разни граѓански предмети ИПИД | | 0 | 159 | 159 | 159 | 0 |
| Управно сметководствени предмети | | 0 | | 0 | | 0 |
| | **В К У П Н О** | 3872 | 7869 | 12340* | 7267 | 5073 |
| Неспорни предмети | | 0 | 2892 | 2892 | 2892 | 0 |
| Вонпроцесни | | 312 | 907 | 1219 | 892 | 327 |
| Оставински | | 740 | 11310 | 12050 | 10267 | 1783 |
| Здруженија на граѓани | | 14 | 110 | 124 | 112 | 12 |
| Извршни | Општи | 27501 | 16212 | 189488* | 8405 | 181083 |
| | Стопански | 1289 | 927 | 3920* | 3118 | 802 |
| Платни налози | | 0 | 33340 | 33340 | 2901 | 30439 |
| Договори | | 0 | 182 | 182 | 182 | 0 |
| Заверки-Апостиле | | 0 | 3330 | 3330 | 3330 | 0 |
| Помолници граѓански-Пом. и Пом.сек. | | 179 | 345 | 524 | 383 | 141 |
| **В К У П Н О** | | 30035 | 69555 | 247069* | 32482 | 214587 |
| **С Е В К У П Н О** | | 90776 | 153202 | 392056* | 124535 | 267521 |

## 1. **Клучни согледувања за обемот на работа во судот во 2006 година**

2006 година судот ја започна со 90.776 нерешени предмети од претходниот извештаен период за 2005 година.

### 1.1. **Ажурирање на податоците за предметите во отсеците за стопански парнични спорови, стопанско извршување и општи извршни предмети**

Во Мај и Октомври 2006 година при проверка на податоците во уписниците и увид во самите предмети констатирано е дека незавршени се и 599 предмети во отсекот за стопански парнични спорови, 1.704 предмети во отсекот за стопанско извршување и 145.775 предмети - извршни општи предмети во отсекот за општи извршни предмети. Односно утврдено е дека вкупно 148.078 предмети се незавршени од претходниот извештаен период.

#### 1.1.2. **Ажурирање на податоците во отсекот за стопански парнични спорови**

При изготвувањето на месечните извештаи за Мај 2006 година констатирано е несовпаѓање на бројот на предмети во работа кај судиите со бројот на предмети од овој отсек наведен во годишниот извештај за 2005 година. Следствено, извршено е ажурирање на податоците за овие предмети со увид во самите предмети, па утврдено е дека во работа се уште и 599 предмети кои биле прикажани како решени во претходните извештајни периоди.

#### 1.1.3. **Ажурирање на податоците во отсекот за стопанско извршување**

Во октомври 2006 година констатирано е несовпаѓање на бројот на предметите што се во работа кај судиите во овој отсек со бројот на предметите наведени како решени во годишниот извештај за 2005 година. Следствено, извршено е ажурирање на податоците со увид во самите предмети, па утврдено е дека во овој отсек во работа се и 1.704 нерешени предмети, кои биле прикажани како решени за претходниот извештаен период.

#### 1.1.4. **Ажурирање на податоците во отсекот за општи извршни предмети**

Во Октомври 2006 година при изготвување на месечните извештаи констатирано е дека 145.775 предмети се нерешени. Станува збор за извршни општи предмети оформени по предлози за извршување - наплата на парично побарување во кои како доверители се јавувале деловни субјекти, а како должници-физички лица. Во овие 145.775 предмети, извршувањето за наплата на паричното побарување било само дозволено, но паричното побарување сеуште не било наплатено, односно не биле барани соодветни докази и известувања дека побарувањето е наплатено, а неопходни за ставање на знакот за решен предмет кај

извршните предмети од овој вид, согласно член 217 став 4 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 9/1997).

Во годишниот извештај за 2005 година како нерешени извршни општи предмети од овој вид прикажани се само 45.993. Претседателот на судот согласно член 81 од Законот за судовите и член 3 од Судскиот деловник презеде мерки за решавање на вака настанатата ситуација, па незавршените предмети во вкупен број од 176.129, (45.993 нерешени предмети за периодот Мај - Октомври 2006 година и дополнително пронајдените 145.775 предмети) ги прераспредели во работа на сите четири извршни судии, (двајца судии од отсекот за општи извршни предмети и на двајца судии од отсекот за стопанско извршување) и тоа на 4 еднакви делови.

## 2. **Примени предмети во работа во судот во 2006 година**

Во 2006 година во работа во судот се примени 153.202 предмети. Во овој број покрај предметите кои за прв пат се ставени во судско постапување влегуваат и предметите кои по соодветни одлуки на повисоките судови повторно се ставени во постапување пред овој суд.

### 2.1. **Споредбени согледувања со податоците во 2005 година**

Во 2005 година во работа биле примени 174.751 предмети, а во 2006 година 153.202 предмети, од што следува дека приливот на примени предмети е намален за 21.549 предмети или изразено процентуално приливот е намален за 12 %.

## 3. **Предмети во работа во судот во 2006 година**

Вкупно во работа во 2006 година биле 392.056 предмети (во овој број влегуваат нерешените предмети заклучно со 2005 година по кои судот продолжил да постапува и во 2006 година, потоа предметите кои за прв пат се ставени во судско постапување во 2006 година, како и предметите кои по соодветни одлуки на повисоките судови повторно се ставени во постапување пред овој суд).

### 3.1. **Споредбени согледувања со податоците во 2005 година**

Во работа се ставени 56,2 % повеќе предмети од предметите во работа за 2005 година. Имено, во 2005 година во работа биле 220.653 предмети, а во 2006 година 392.056 предмети, што е зголемување од 56,2%.

### 3.2. **Споредбени согледувања со податоците во 2003 и 2004 година**

Во 2003 година во работа биле 152.953, а во 2004 година 166.640, од што следува дека бројот на предмети во работа во 2004 година се зголемил за 13.687, или за 8,21 %. Во 2004 година во работа биле 166.640 предмети, а во 2005 година

220.653 од што следува дека бројот на предмети во работа во 2005 година се зголемил за 54.013 предмети, или за 24,47 %.

### 3.2.1. **<u>Табеларен приказ за движењето на предметите во работа</u>**

| Споредбени согледувања | Податоци за движење на предметите во работа |
|---|---|
| 2003 - 2004 година | Зголемување за 8,21 % |
| 2004 - 2005 година | Зголемување за 24,47% |
| 2005- 2006 година | Зголемување за 56,2%. |

### 3.2.2. **<u>Графички приказ за движењето на предметите во работа</u>**



## 4. **<u>Решени предмети во судот во 2006 година</u>**

Решени предмети во 2006 година се 124.535 предмети.

### 4.1. **<u>Споредбени согледувања со податоците за претходните извештајни периоди.</u>**

Изразено процентуално постои незначително отстапување од 4,11 % во намалување на бројот на решените предмети. Но, тоа не влијае на позитивната тенденција на зголемување на бројот на решените предмети. Имено, во 2005 година биле решени повеќе 9.139 споредено со податоците за 2004 година, или изразено процентуално, постои зголемување на бројот на решени предмети од 7,03 %. Во 2004 година бројот на решени предмети се зголемил за 5.614

споредено со 2003 година, или изразено процентуално, постои зголемување од 4,64 %. Во 2003 година бројот на решени предмети се зголемил за 32.972 споредено со 2002 година, или изразено процентуално, постои зголемување од 28,64%. Во 2002 година се решени 2.118 предмети повеќе од 2001 година, или изразено процентуално, постои зголемување од 2,57 %.

1.4.1.**Табеларен приказ за позитивната тенденција во однос на решените предмети**

| Споредбен период | Зголемување на бројот на решените предмети |
|---|---|
| 2001-2002 година | 2,57 % |
| 2002-2003 година | 28,64% |
| 2003-2004 година | 4,64 % |
| 2004-2005 година | 7,03 % |

4.2 **Графички приказ за бројот на решените предмети во последните 6 години.**




Од графичкиот приказ несомнено следува дека судот има позитивна растечка тенденција во однос на зголемувањето на бројот на решените предмети.

5. **Нерешени предмети во судот во 2006 година**

Нерешени предмети во судот за 2006 година останале 267.521.Детално изложување во оваа насока е содржано во Глава I, точка 1.3 и во Глава II, точка 1.

5.1.**Графички приказ за намалување на зголемувањето на бројот на нерешените предмети**



## 6.Задоволство на граѓаните од работата на судот

## 6.1.Анкетирање на граѓаните и вработените

Во неколку наврати од 29.03.2005 година до 14.11.2006 година спроведено е анкетирање на граѓаните и вработените во судот со пополнување на соодветен прашалник-Q 10.

## 6.2. Резултати изложени во прашалникот Q 10

| **Анкета за мерење на задоволството на јавноста** | **П1 Беше лесно да дојдам до зградата на судот** | **П2 Беше лесно и едноставно да најдам каде треба да одам во зградата на судот** | **П3 Се чувствува в сигурнио во зградата на судот** | **П4 Кога дојдов во судот, ми беше лесно да ја добијам бараната информација** | **П5 Вработените во судот се однесуваа љубезно и со почит кон мене** | **П6 Судијата кој беше назначен во мојот спор ме слушаше, се однесуваше со почит и беше љубезен и праведен** | **П7 Ги разбрав упатствата на судот и она што требаше следно да го сторам** | **П8 Спорот односно работата која требаше да ја завршам во судот беше завршена навремено и ефикасно** | **П9 Судот имаше еднаков третман кон мене** | **П10 Во целост, сметам дека учинокот на судот беше ефикасен** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 2 - Скопје Консолиди-рани 29.03.2005 | ***90,09%*** | ***78,93%*** | ***72,31%*** | ***58,06%*** | ***62,19%*** | ***50,62%*** | ***66,32%*** | ***41,94%*** | ***75,62%*** | ***47,72%*** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 2 – Скопје - јавност 29.03.2005 | 89,25% | 74,74% | 75,81% | 53,5% | 56,46% | 46,24% | 63,98% | 33,33% | 70,43% | 41,93% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - вработени 29.03.2006 | 92,86% | 92,86% | 60,72% | 73,22% | 81,25% | 65,18% | 74,11% | 70,54% | 92,85% | 66,96% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - консолиди рани*- 02.11.2005 | ***82,07%*** | ***76,9%*** | ***61,14%*** | ***63,05%*** | ***63,04%*** | ***54,08%*** | ***62,77%*** | ***44,02%*** | ***67,67%*** | ***51,09%*** |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - јавност 02.11.2005 | 86,4% | 80,88% | 62,5% | 62,87% | 61,4% | 55,88% | 65,8% | 43,01% | 69,48% | 47,43% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - вработени 02.11.2005 | 69,79% | 65,62% | 57,29% | 63,54% | 67,71% | 48,96% | 54,17% | 46,87% | 62,51% | 61,46% |
| Основен суд Скопје 2 – Скопје- консолиди рани 16.05.06 | ***90,94%*** | ***84,48%*** | ***83,62%*** | ***74,13%*** | ***71,12%*** | ***72,84%*** | ***78,02%*** | ***65,09%*** | ***81,46%*** | ***69,83%*** |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - јавност 16.05.2006 | 90,17% | 84,94% | 82,66% | 72,25% | 69,36% | 71,1% | 78,61% | 64,74% | 79,77% | 66,47% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - вработени 16.05.2006 | 93,22% | 83,05% | 86,44% | 79,66% | 76,27% | 77,97% | 76,27% | 66,1% | 86,44% | 79,66% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - консолиди рани 14.11.2006 | ***93,26%*** | ***93,64%*** | ***93,25%*** | ***89,88%*** | ***84,65%*** | ***79,77%*** | ***86,9%*** | ***75,28%*** | ***85,77%*** | ***75,15%*** |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - јавност 14.11.2006 | 93,2% | 93,72% | 94,77% | 89,53% | 83,25% | 79,58% | 88,48% | 72,78% | 87,43% | 73,34% |
| Основен суд Скопје 2 - Скопје - вработени 14.11.2006 | 93,42% | 93,42% | 89,48% | 90,79% | 88,16% | 80,26% | 82,89% | 81,58% | 81,58% | 84,21% |

## 6.3. Кус осврт на резултатите од анкетата Q 10

Од изложените податоци следува дека за периодот од 29.03.2005 година до 14.11.2006 година, за 31,82 % се зголемил бројот на анкетираните кои се изјасниле дека кога дошле во судот им било лесно да ја добијат бараната информација, за 22,46 % се зголемил бројот на анкетираните кои се изјасниле дека вработените во судот се однесувале љубезно и со почит кон нив, за 29,15 % се зголемил бројот на анкетираните кои се изјасниле дека судијата кој постапувал по нивниот спор се однесувал со почит кон нив и бил праведен. Потоа, следува и дека за 33,34 % се зголемил бројот на анкетираните кои се изјасниле дека спорот

односно работата која требале да ја завршат во судот била завршена навремено и ефикасно, а за 27,43 % се зголемил бројот на анкетираните кои се изјасниле дека во целост сметаат дека учинокот на судот бил ефикасен.

## III. Судска управа

### 1. <u>Претседател на судот</u>

На 22 Февруари 2006 година Собранието на Република Македонија за претседател на судот го избра Беќир Шаини, судија во овој суд. Претседателот Шаини отпочна со работа како претседател на судот од 1 Март 2006 година по извршеното примопредавање на должноста со дотогашниот ВД претседател на судот. Имено, до 22 Февруари 2006 година, односно до 1 Март 2006 година В.Д. Претседател на судот беше судијата Александар Младеновски.

### 2. <u>Податоци за постапувањето на претседателот по предмети од негова надлежност во 2006 година</u>

2.1. **<u>Постапувања по молби за условен отпуст</u>**

Од март 2006 година, претседателот на судот Беќир Шаини постапува како претседател на Советот за условен отпуст и учествувал во донесувањето на 135 решенија за условен отпуст. Претходно, како претседател на Советот постапувал тогашниот В.Д. Претседател на судот, кој учествувал во донесувањето на 24 решенија за условен отпуст.

2.2. **<u>Издавање на уверенија за неосудуваност, апостили, именување на адвокати-бранители по службена должност</u>**

Претседателот на судот издал 14.419 уверенија за неосудуваност, 2 788 апостили, донесе 172 решенија за именување на адвокати-бранители по службена должност. Адвокатите се именуваат редоследно по азбучен ред, според нивните лични имиња, а согласно Имeникот на Адвокатската комора на РМ.

2.3. **<u>Постапување по поплаки и претставки</u>**

Во 2006 година претседателот постапил по 415 писмени поплаки, упатени до него како претседател на судот или до други органи и институции од областа на правосудството и почитувањето на човековите права. Во приемните денови усно се примени 293 поплаки. Вкупно, по двата основи примени се 708 поплаки. Претседателот на судот редовно постапуваше по поплаките и ги известуваше странките, односно институциите надлежни за постапување по нив.

2.3.1 **<u>Споредбено согледување со претходните извештајни периоди.</u>**

Во 2005 година биле примени 804 поплаки. Споредено со податоците за 2006 година следува дека бројот на поплаките се намалил за 96, или за 11,94 %. Во 2004 година биле примени вкупно 771 поплаки. Споредено со податоците за 2005 година следува дека бројот на поплаките се намалил за 33, или за 4,1 %.

Од изложените показатели следува дека постои позитивна тенденција на намалување на бројот на поплаките, а со тоа и намалување на евентуалното незадоволство на граѓаните од постапувањето на Основниот суд Скопје II Скопје.

### 2.3.2 <u>**Графички приказ за бројот на поплаки во последните 3 години**</u>




### 2.4. <u>**Претседателот на судот постапувал по 159 предмети согласно новиот Закон за извршување**</u>

Од овие 159 предмети, 105 се приговори за отстранување на неправилностите при извршувањето согласно член 77 од Законот за извршување, 44 се барања за издавање писмени дозволи за преземање на извршни дејствија во станот на должникот согласно член 75 од Законот, 2 се барања за изрекување на парични казни согласно член 222 од Законот. Останатите 8 други запишувања во уписникот се писмена и произнесувања во врска со решавањето на приговорите.

**2.4.1. <u>Табеларен приказ за начинот на решавање на предметите согласно новиот Закон за извршување</u>**

| | *Усвоени* | *Делумно усвоени* | *Одбиени* | *Отфрлени* | *Препратени на постапување на друг суд* | *Вратени на уредување* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *105 Приговори* | 10 | 1 | 52 | 12 | 20 | 10 |
| *44 Барања за дозволи за влез во станот на должникот* | 37 | | 1 | | | 6 |
| *2Барања за изрекување парични казни* | 1 | | | | 1 | |
| *8 Други запишувања* | | | | | | |
| ***159 Вкупно*** | **48** | **1** | **53** | **12** | **21** | **16** |

**3. <u>Заменик претседател на судот</u>**

Заменик претседател на судот, односно судија што го заменува претседателот на судот од 01.04.2006 година е судијата Вања Јуруковски, одговорен судија во отсекот за истражни предмети.

**4. <u>Секретар на судот</u>**

В.Д. Секретар на судот од 20.05.2006 година е Никола Блажевски, стручен соработник во овој суд. До 20.05.2006 година вршител на оваа должност беше Ѓоко Ристов, самостоен судски оветник во овој суд.

IV. **<u>Отсек за истражни предмети</u>**

1. **<u>Табеларен преглед на решени предмети во 2006 година</u>**

| СУДИИ | ИСТРАГИ | ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА | ВКУПНО | ПРИТВОРИ | КР.ПОМ. | ИСТРАГИ НАД 10 ГОДИНИ ЗАТВОР | ПРОСЕК | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вања Јуруковски** | **141** | **285** | **426** | **18** | **102** | **21** | **50,28** | **10,5** |
| **Велче Панчевски** | **148** | **392** | **540** | **13** | | **18** | **51,42** | **10,5** |
| **Драган Николовски** | **168** | **374** | **542** | **14** | | **15** | **51,61** | **10,5** |
| **Бранка Илиевска** | **158** | **363** | **521** | **12** | | **12** | **49,61** | **10,5** |
| **Бајрами Мујдин** | **150** | **310** | **460** | **9** | | **14** | **43,8** | **10,5** |
| **Славјанка Јанкоска** | **176** | **381** | **557** | **7** | | **16** | **58,63** | **9,5** |
| **СЕ ВКУПНО:** | **941** | **2105** | **3046** | **73** | **102** | **96** | **0** | **0** |

1.1.**Одговорен судија на истражниот отсек** е судијата Вања Јуруковски.

Судијата Јуруковски од Април 2006 година е и заменик на претседателот на судот, односно му помага на претседателот во вршењето на работите од судската управа. Судијата Јуруковски постапувал и по сите кривични помолници кои биле поднесени до Основниот суд Скопје II Скопје и решил вкупно 102 предмети од овој вид. Споредено со 2005 година кога биле решени 92 кривични помолници постои зголемување во бројот на решените кривични помолници за 9,8 %.

Судијата Вања Јуруковски постапувал и по најмногу притвори ( 18), како и по најмногу истраги над 10 години затвор ( 21), а како одговорен судија постапувал и по најголем дел од истражните предмети со сложена природа.

1.2.**Истражните судии се ангажирани** секој ден **и со дежурства**. Во просек секој судија дежура на секој шести ден или вкупно во просек секој судија има извршено 60 дежурства.

1.3. **Постигнат е успех во работењето на истражниот отсек** кој се состои во следното

1.3.1. **Бројот на решените предмети е зголемен за 30 % во споредба со 2005 година.**

Имено, во 2006 година се решени 3.046 истражни предмети, а во 2005 година биле решени 2.130 истражни предмети, од што следува дека се решиле повеќе 916 предмети, односно дека постои зголемување на бројот на решените предмети за 30%.

1.3.2. **<u>Бројот на предмети ставени во работа е зголемен за 24 % во споредба со предметите во работа во 2005 година.</u>**

Имено, во 2006 година во судско постапување биле ставени 4.749 предмети, а во 2005 година во работа биле 2.130 истражни предмети, од што следува дека во судско постапување се 1.141 повеќе предмети, односно дека постои зголемување за 24%.

1.3.3. **<u>За 20,5 % е намалено зголемувањето на бројот на нерешените предмети во споредба со 2005 година.</u>**

Имено, во 2006 година останале нерешени 1.703 предмети, а во 2005 година останале нерешени 1.478 предмети, од што следува дека бројот на нерешени предмети се зголемил за 225 предмети, што е незначително отстапување споредено со податоците за 2005 година. 2005 година судот ја започнал со 1195 нерешени истражни предмети од претходниот извештаен период-2004 година, од што следува дека во 2005 година бројот на нерешени предмети се зголемил за 283.

Од изложеното следува дека истражниот отсек успеал да ја совлада тенденцијата на зголемување на нерешените предмети ( 2004-2005 година, зголемување на нерешените предмети за 283, 2005-2006 година зголемување на нерешените предмети за 225). Односно, дека за 58 предмети е намалено зголемувањето на нерешените предмети во споредба со 2005 година, или изразено процентуално постои 20,5% намалување.

1.4. **<u>Табеларен приказ на стари нерешени предмети</u>**

| предмети | | нересени | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | кривични истраги | 64 | 44 | 16 | 3 | 1 |
| 2 | истражни дејствија | 126 | 82 | 44 | | |

1.4.1. **<u>Кус осврт кон табеларниот приказ</u>**.

**<u>Истражниот отсек и овој дел остварил успех</u>**, **<u>бидејќи 2006 година ја завршил со стари нерешени предмети, пред се од 2004 година ( 126)</u>**. Од предметите заведени во 2003 година останале нерешени само 60, од 2002 година останале нерешени 3, а од 2001 година само 1 предмет.

1.4.2. **Успех во решавањето на старите нерешени предмети**

Во 2006 година решен е и 1 преостанат предмет од 1999 година, потоа 1 преостанат предмет од 2000 година, решени се и 5 предмети од 2001 година, 2 од 2002 година, 45 од 2003 година и 172 од 2004 година.

2. **Други фактори кои влијаат на успешноста на отсекот**

МВР не постапува доволно ажурно по издадените наредби за присилно доведување во судот и по распишаните потерници, а постои и значително доцнење во постапувањето на судовите од внатрешноста на РМ по замолниците од овој суд.

3.**Учества на семинари.**

Судиите Вања Јуруковски и Драган Николовски учествувале на тридневна работилница на тема „Значењето на судските вештачења во кривичните предмети“ во октомври 2006 година, во Битола, инаку организирана од Здружението на судии на РМ, а во соработка со Амбасадата на САД.

Судијата Бранка Илиевска учествувала на Конференција за спречување на перење пари во март 2006 година, организирана од Дирекцијата за спречување на перење пари.

Судијата Велче Панчевски учествувал на 2 семинари на тема Новините во кривичниот законик, во март-април 2006 година во Крушево. Судијата Панчевски во октомври 2006 година учествувал и на тридневна работилница на тема „Добри пракси и научни лекции во примената на специјалните истражни мерки,, во Струмица.

3.**Боледувања на судии од отсекот**

Судијата Славјанка Јанковска била на боледување од 03.05.2006 година до 17.05.2006 година и од 18.05.2006 година до 31.05.2006 година.

V. **Отсек за кривични предмети**

1. **Табеларен преглед на решени предмети во 2006 година**

| СУДИИ | СО ПРЕСУДА | НА ДРУГ НАЧИН | ВКУПНО | КРИВИЧЕН СОВЕТ | ПРИТВОР | ЧЛЕН НА СОВЕТ ОД ПЕТМИНА-ДЕНОВИ НА ПРЕТРЕСИ | СОВЕТ ЗА УСЛОВЕН ОТПУСТ | ПРОСЕК | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубинка Башевска | 204 | 34 | 238 | 62 | 5 | 11 | 15 | 22,66 | 10,5 |
| Јани Нича | 216 | 38 | 254 | 977 | 5 | 5 | 17 | 24,19 | 10,5 |
| Марјан Грубиша | 161 | 31 | 192 | 5 | 4 | 6 | | 18,28 | 10,5 |
| Радица Василевска | 192 | 27 | 219 | 71 | 10 | 9 | | 20,85 | 10,5 |
| Димче Шушевски | 210 | 38 | 248 | 19 | 2 | 1 | 15 | 23,61 | 10,5 |
| Огнен Ставрев | 120 | 35 | 155 | 119 | 8 | 4 | | 14,76 | 10,5 |
| Цветанка Периќ | 142 | 45 | 187 | 337 | 2 | 5 | 101 | 22 | 8,5 |
| Златко Линин | 173 | 28 | 201 | 899 | 8 | 4 | 118 | 20,1 | 10 |
| Павлина Христовска | 192 | 30 | 222 | 10 | 5 | 3 | 34 | 21,14 | 10,5 |
| Лидија Неделкова | 199 | 56 | 255 | 824 | 13 | 9 | | 24,28 | 10,5 |
| Владо Џилвиџиев | 165 | 42 | 207 | | 5 | 3 | | 19,71 | 10,5 |
| Горан Бошевски | 131 | 24 | 155 | 34 | 5 | 2 | | 14,76 | 10,5 |
| СЕ ВКУПНО: | 2105 | 428 | 2533 | | 72 | 62 | | | |

1.1.**Одговорен судија во кривичниот отсек** е судијата Јани Нича.

1.2.**Персонални промени во отсекот**

Од Март 2006 година судијата Цветанка Периќ постапува по кривични предмети.

1.3. **Постапување по други предмети од надлежност на судиите од кривичниот отсек**

Претседател на Кривичниот совет е судијата Јани Нича, а постојани членови на советот се судиите Лидија Неделкова и Златко Линин. Сите судии од овој отсек, освен судијата Владо Џилвиџиев учествувале во работата на Кривичниот совет ( со податоци и број на одлуки во чие донесување учествувале како во табеларниот приказ под реден број 1 од Глава V) .

Судиите Златко Линин, Цветанка Периќ, Павлина Христовска, Јани Нича, Љубинка Башеска и Димче Шушевски учествувале и во работата на Советот за условен отпуст. Претседател на советот е претседателот на судот Беќир Шаини, а постојани членови се судиите Цветанка Периќ и Златко Линин.

Судиите наизменично по еден ден во неделата остварувале и посета-надзор во одделението за притвор во Казнено поправната установа Затвор „Скопје“ – Скопје.

2. **Постигнат е успех во работењето на кривичниот отсек** кој се состои во следното

2.1. **Бројот на решените предмети е зголемен за 14,4 % во споредба со 2005 година.**

Во 2006 година се решени 2 533 кривични предмети, а во 2005 година биле решени 2 168 предмети, од што следува дека се решиле повеќе 365 предмети, односно дека постои зголемување на бројот на решените предмети за 14,4%.

2.2. **Бројот на предмети ставени во работа е зголемен за 10,7 % во споредба со 2005 година.**

Во 2006 година во судско постапување биле ставени 4 718 предмети, а во 2005 година во работа биле 4 215 предмети, од што следува дека во судско постапување се 503 повеќе предмети, односно дека постои зголемување за 10,7 % на обемот на работа на овој отсек.

2.3. **Бројот на нерешени предмети е зголемен за 6,3 %, што е незначително отстапување** и не влијае на генералната оценка за успешноста на овој отсек.

Имено, во 2006 година нерешени останале 2 185 предмети, а во 2005 година нерешени останале 2 047 предмети, од што следува дека бројот на нерешени предмети се зголемил за 138 предмети, или за 6,3%.

Во 2005 година зголемувањето на бројот на нерешени предмети било за 5,42 % (1 936 нерешени предмети од претходен извештаен период-2 047 нерешени предмети на крајот на 2005), а во 2004 година за 14 % ( 1 664 нерешени предмети од претходен извештаен период- 1 936 нерешени предмети на крајот на 2004 година). Од изложените факти следува дека кривичниот отсек во текот на 2005-2006 година ја совладал растечката тенденција на зголемување на бројот на нерешени предмети, па овој број за 2006 се зголемил за незначителни 6,3%.

2.4.**Нема нерешени „ Разни кривични предмети„**

На крајот на 2006 година нема нерешени разни кривични предмети во чие решавање учествуваат судиите од кривичниот отсек. Овој факт претставува значително подобрување од претходната-2005 година кога останале нерешени 117 предмети од овој вид.

3.**Табеларен приказ на стари нерешени предмети**

| Вид на предмети | Вкупно нересени | Нерешени по години | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 | 2000 | 1999 | 1998 | 1997 | 1996 | 1995 | 1994 | 1993 | 1992 |
| кривични полнолетни | 443 | 227 | 90 | 46 | 34 | 20 | 8 | 6 | 7 | 2 | 1 | 2 | | |

3.1**. Кус осврт на табеларниот приказ**

**Кривичниот отсек и овој дел остварил успех**, бидејќи 2006 година ја завршил со стари нерешени предмети во оваа смисла, пред се од 2004 година ( 227) и 2003 година ( 90 ). Во текот на 2006 година решен е и 1 преостанат предмет од 1993 година, потоа решени се и 2 предмети од 1996 година, 4 од 1997 година, 10 од 1998 година, 13 од 1999 година, 15 од 2000 година, 21 од 2001 година и 47 од 2002 година.

На намалувањето на бројот на стари нерешени предмети, кривичниот отсек соработуваше и со Проектот за модернизација на судството во Македонија (ПМСМ).

4. **Квалитет на донесените одлуки од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје-Скопје.**

| | Судии | Одлуки во 2006 | ОБЖАЛЕНИ | Во проценти | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | предмети | во проценти | предмети | во проценти | предмети | во проценти |
| 1 | **Љубинка Башеска** | **238** | 56 | 23,5 | 46 | 82,1 | 4 | 7,1 | 6 | 10,7 |
| 2 | **Јани Нича** | **254** | 67 | 26,4 | 58 | 86,6 | 4 | 6,0 | 5 | 7,5 |
| 3 | **Марјан Грубиша** | **192** | 51 | 26,6 | 41 | 80,4 | 5 | 9,8 | 5 | 9,8 |
| 4 | **Радица Василевска** | **219** | 71 | 32,4 | 57 | 80,3 | 7 | 9,9 | 7 | 9,9 |
| 5 | **Димче Шушески** | **248** | 35 | 14,1 | 29 | 82,9 | 2 | 5,7 | 4 | 11,4 |
| 6 | **Огнен Ставрев** | **155** | 48 | 31,0 | 35 | 72,9 | 6 | 12,5 | 7 | 14,6 |
| 7 | **Катерина Оровчанец** | **0** | 2 | #### | 1 | 50,0 | 1 | 50,0 | 0 | 0,0 |
| 8 | **Златко Линин** | **201** | 46 | 22,9 | 37 | 80,4 | 6 | 13,0 | 3 | 6,5 |
| 9 | **Павлина Христовска** | **222** | 62 | 27,9 | 50 | 80,6 | 4 | 6,5 | 8 | 12,9 |
| 10 | **Лидија Неделкова** | **255** | 62 | 24,3 | 51 | 82,3 | 6 | 9,7 | 5 | 8,1 |
| 11 | **Славица Попчевска** | **0** | 1 | #### | 1 | 100 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| 12 | **Владо Џилвиџиев** | **207** | 60 | 29,0 | 42 | 70,00 | 16 | 26,7 | 2 | 3,3 |
| 13 | **Горан Бошевски** | **155** | 26 | 16,8 | 22 | 84,6 | 1 | 3,8 | 3 | 11,5 |
| 14 | **Беќир Шаини** | **0** | 16 | #### | 11 | 68,8 | 3 | 18,8 | 2 | 12,5 |
| 15 | **Цветанка Периќ** | **187** | 20 | 10,7 | 16 | 80,0 | 1 | 5,0 | 3 | 15,0 |
| | **В К У П Н О** | **2533** | **623** | **24,6** | **497** | **79,8** | **66** | **10,6** | **60** | **9,6** |

Во споредба со податоците за 2005 година ( кога биле обжалени 25% од одлуките, 77,9 % од одлуките биле потврдени, 9,2% од одлуките биле укинати, а 12,9 % од одлуките биле преиначени ) постои подобрување по следниве основи:

-за 0,4 % е намален процентот на обжалените одлуки;
-за 1,9 % е зголемен процентот на потврдените одлуки;
-за 3,3 % е намален процентот на преиначени одлуки
-и за незначителни 1,4 проценти е зголемен процентот на укинатите одлуки.

5. **Учества на семинари**

Судијата Јани Нича учествуваше на конференција за намалување на застојот во пилот судовите во февруари 2006 година, организирана од УСАИД. Судиите Лидија Неделкова, Павлина Христовска, Јани Нича и Златко Линин учествувале на Конференција за спречување на перење пари во март 2006 година, организирана од Дирекцијата за спречување на перење пари. Судиите Јани Нича, Златко Линин и Огнен Ставрев учествувале на семинар на тема Новините во кривичниот законик во март 2006 година во Крушево. Судијата Маријан Грубиша учествувал на тридневна работилница на тема „Криминалистичко вештачење и прибирање докази за кривични дела на загрозување на физичкиот интегритет и половата слобода и морал, вклучително и дела на трговија со луѓе и деца“, одржана во април 2006 година во Охрид.

Судијата Јани Нича заедно со претседателот на судот во октомври 2006 година учествуваше на семинар во Ловран, Република Хрватска, на тема- член 14 од Европската конвенција за човекови права- забрана на дискриминација. Судиите Јани Нича и Златко Линин од 15 до 17 Ноември 2006 година учествувале на семинар на тема Европското право, во Тракошчан, Хрватска.

6. **Боледувања на судии од отсекот**

Судијата Златко Линин бил на боледување од 19.01.2006 година до 31.01.2006 година, потоа од 01.02.2006 година до 08.02.2006 година и од 03.04.2006 година до 14.04.2006 година

VI. **Отсек за кривични предмети против малолетни сторители**

1. **Табеларен преглед на решени предмети во 2006 година**

| СУДИИ | ЗАПРЕНА ПОДГОТВИТЕЛНА ПОСТАПКА | ЗАПРЕНА ПООСТАПКА | ВОСПИТНА МЕРКА | КАЗНА ЗАТВОР | НА ДРУГ НАЧИН | ВКУПНО | ПРОСЕК | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Василка Божиновска | 56 | 5 | 113 | 0 | 21 | 195 | 22,94 | 8,5 |
| Љубинка Ѓорѓиевска | 74 | 9 | 104 | 0 | 19 | 206 | 19,61 | 10,5 |
| СЕ ВКУПНО: | 130 | 14 | 217 | 0 | 40 | 401 | | |

2. **<u>Постигнат е успех во работењето на отсекот за кривични предмети против малолетни сторители</u>** кој се состои во следното

2.1. **<u>Бројот на решените предмети е зголемен за 35,9 % во споредба со 2005 година.</u>**

Во 2006 година се решени 401 предмет, а во 2005 година биле решени 257 предмети, од што следува дека судиите за малолетници решиле 144 повеќе предмети од претходната година, или постои зголемување на бројот на решени предмети за 35,9%.

2.2**<u>. Бројот на нерешените предмети е намален за 18% во споредба со 2005 година.</u>**

Имено, во 2006 година нерешени останале 141 предмет, а во 2005 година нерешени биле 172 предмети. Од изложеното следува дека во 2006 година бројот на нерешени предмети се намалил за 31 предмет, односно за 18 %.

2.3. **<u>Значајни активности на отсекот</u>**

Судиите решиле и вкупно 50 предмети за запирање од извршување на воспитни мерки. Судиите вршат надзор и над извршувањето на воспитните мерки. За ажурирање во постапувањето во организација на одговорниот судија на отсекот веќе втора година по ред се одржуваат работни средби со претставници на сите институции со надлежности во сузбивање на малолетничкиот криминал. Овие активности резултирале со откривање на 2 групи на малолетници, организирани во групи заради извршување на кривични дела. За малолетниците во овие две групи судијата Божиновска определила 7 притвори, а судијата Ѓорѓиевска 1, а потоа за сите сторители се изречени воспитни мерки-Упатување во воспитно поправен дом.

Судиите учествувале и во работната група при Министерството за правда за изготвување на Законот за малолетничка правда.

3.**<u>Нема стари нерешени предмети според стандардите на Апелациониот суд Скопје</u>**

3.1.**<u>Табеларен приказ</u>**

| ПРЕГЛЕД на нерешени стари предмети заклучно со месец Декември 2006 година | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмети | Вкупно нереш. | Нерешени по години | | | | | | | | | | | | | |
| | | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 | 2000 | 1999 | 1998 | 1997 | 1996 | 1995 | 1994 | 1993 | 1992 | 1991 |
| кривични малолетни | 0 | 0 | | | | | | | | | | | | | |

4. **<u>Квалитет на донесените одлуки од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје</u>**

| | СУДИИ | РЕШЕНИ ВО 2006 | ОБЖАЛЕНИ | ВО ПРОЦЕНТИ | ПОТВРДЕНИ | | УКИНАТИ | | ПРЕИНАЧЕНИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ПРЕДМЕТИ | ВО ПРОЦЕНТИ | ПРЕДМЕТИ | ВО ПРОЦЕНТИ | ПРЕДМЕТИ | ВО ПРОЦЕНТИ |
| 1 | Василка Божиновска | 195 | 5 | 2,6 | 5 | 100,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| 2 | Љубинка Ѓорѓиевска | 206 | 2 | 1,0 | 2 | 100,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | **ВКУПНО** | **401** | **7** | **1,7** | **7** | **100,** | **0** | **0,0** | **0** | **0,0** |

Во споредба со податоците за 2005 година ( кога биле обжалени 3,1 % од одлуките, 87,5 % од одлуките биле потврдени, 12,5 % од одлуките биле укинати, а ниедна одлука не била преиначена ) постои подобрување по следниве основи:

-за 1,4 % е намален процентот на обжалените одлуки;

-за 12,5 % е зголемен процентот на потврдените одлуки, односно сите 7 обжалени одлуки се потврдени;

5.**<u>Учества на семинари</u>**

Судијата Василка Божиновска учествувала на семинар на тема Новините во кривичниот законик, кој се одржал во Март 2006 година во Крушево.

6.**<u>Боледувања на судии од отсекот</u>**

Судијата Василка Божиновска била на боледување од 22.05.2006 година до 04.06.2006 година, потоа од 03.08.2006 година до 18.08.2006 година, па од 15.09.2006 година до 27.09.2006 година, од 28.09.2006 година до 30.09.2006

година, од 01.10.2006 година до 05.10.2006 година и од 06.10.2006 година до 20.10.2006 година.

VI. **Отсек за извршување кривични санкции**

1.**Судија за извршување на кривични санкции** е судијата Стефан Јовчевски.

1.1.**Персонални промени во отсекот**

Судијата Јовчевски постапува по предметите во надлежност на овој отсек од април 2006 година. Претходно, по овие предмети во Февруари и Март постапуваше судијата Бојан Ефтимов, а во јануари 2006 година В.Д. претседателот на судот и судиите од кривичниот совет.

2.**Табеларен преглед на решени предмети во 2006 година**

| СУДИИ | САМИ СЕ ЈАВИЛЕ СО УПАТЕН АКТ ОД ПРИТВОР | СО НАРЕДБА ЗА ПРИВЕДУВАЊЕ | ПО РАСПИШАНА ПОТЕРНИЦА | ВКУПНО | МЕРКА БЕЗБЕДНОСТ | ПРОСЕК | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стефан Јовчевски | 836 | 0 | 207 | 1043 | 309 | 180 | 7,5 |
| Бојан Ефтимов | 149 | 0 | 26 | 175 | 34 | 104,5 | 2 |
| В.Д.Претседател на судот-КС | 138 | | 19 | 157 | 191 | 348 | 1 |
| СЕ ВКУПНО: | 1123 | 0 | 252 | 1375 | 534 | | 0 |

3. **Постигнат е успех во работењето на отсекот за извршување кривични санкции** кој се состои во следното

3.1. **Бројот на решените предмети е зголемен за 33,6 % во споредба со 2005 година.**

Имено, во 2006 година се решени 1.909 предмети ( од кои 1.375 извршувања на санкции и 534 извршувања на мерки за безбедност. Во 2005 година биле решени 1.267 предмети ( од кои 1 178 извршувања на санкции и 89 извршувања на мерки за безбедност, од што следува дека отсекот решил повеќе 642 предмети, или постои зголемување на бројот на решени предмети за 33,6 %

3.2. **Бројот на предмети во работа е зголемен за 36,5 % во споредба со 2005 година.**

Имено, во 2006 година во судско постапување се ставени 4.868 предмети, а во 2005 година во работа биле 3.089 предмети.Од што следува дека во 2006 година во работа биле повеќе 1.779, или постои зголемување за 36,5 %.

3.3. **<u>Незначително зголемување на бројот на нерешени предмети</u>** за 1.137 предмети.

Имено, во 2006 година останале нерешени 2.959 предмети, а во 2005 година нерешени останале 1.822 предмети. Зголемувањето на нерешените предмети за 1.137 предмети е незначително, имајќи го во вид зголемениот обем на работа на овој отсек од 36,5 %, како и значително зголемениот прилив на нови предмети. Имено, во 2006 година се примени 3.046 предмети, а во 2005 година 1.340, од што следува дека годишниот прилив се зголемил за 1.706 предмети, или за 56 %. Меѓутоа, и покрај зголемениот прилив од 56 %, овој отсек успеал да реши 33,6 % предмети повеќе од претходната година, што несомнено упатува на успешноста на овој отсек.

3.3.1. **<u>Други фактори кои влијаат на успешноста на отсекот</u>**

МВР не постапува доволно ажурно во приведувањето на лицата за кои се издадени наредби за приведување, односно за кои е распишана потерница. Постои проблем и по однос на предметите во кои е изречена парична казна која не е платена, па поради тоа е заменета со затвор од судечкиот судија ( предмети во кои замената е направена пред новиот Закон за извршување на санкциите, според кој оваа замена ја врши судијата за извршување на санкции ), а се работи за парични казни до 50.000,00 денари. Судот во овие предмети, не може да ја менува пресудата и да дозволува плаќање на рати, па осудените се упатуваат во затвор за 1-2 месеци, или за 10-20 дена, а затворите поради немање на капацитет за сместување не се во можност да ги примаат истите. Личната достава на упатните акти во одреден број предмети претставува проблем, од причина што осудените одбегнуваат лично да примат упатен акт.

3.4. **<u>Нема стари нерешени предмети според стандардите на Апелациониот суд Скопје</u>**

3.4.1.**<u>Табеларен приказ</u>**

| ПРЕГЛЕД на нерешени стари предмети заклучно со месец Декември 2006 година | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмети | Вкупно нереш. | Нерешени по години | | | | | | | | | | | | | |
| | | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 | 2000 | 1999 | 1998 | 1997 | 1996 | 1995 | 1994 | 1993 | 1992 | 1991 |
| Кривични санкции | 0 | | | | | | | | | | | | | | |

VII. **<u>Отсек за прекршочни предмети</u>**

1.**<u>Табеларен приказ за решени прекршочни предмети во 2006 година</u>**

| СУДИИ | СО ПРЕСУДА | НА ДРУГ НАЧИН | ВКУПНО | ПРОСЕК | ЗАБЕ ЛЕШКА | УВЕРЕ НИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|

**ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВЕН РЕД И МИР**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Христина Шикалеска | 910 | 332 | 1242 | 118,2 | 10,5 | |
| Ѓорѓе Томановиќ | 709 | 430 | 1139 | 108,4 | 10,5 | |
| Јане Тапанџиоски | 793 | 380 | 1173 | 117,7 | 10,5 | |
| Зденка Сибиноска | 6 | 0 | 6 | 0,57 | 10,5 | 2892 |
| Драгица Стојанова | 8 | 0 | 8 | 0,76 | 10,5 | |
| Благоја Алексовски | 15 | 0 | 15 | 1,42 | 10,5 | |
| Милка Ангеловска | 6 | 0 | 6 | 0,6 | 10 | |
| Бојан Ефтимов | 1 | 0 | 1 | 0,14 | 7 | |
| Јован Лазаревски | 5 | 0 | 5 | 0,47 | 10,5 | |
| Весна Богдановска | 4 | 0 | 4 | 0,8 | 5 | |
| Зора Божиновска | 5 | 0 | 5 | 0,58 | 8,5 | |
| Снежана Шуплиновска | 6 | 0 | 6 | 0,57 | 10,5 | |
| Софка Котовска | 3 | 0 | 3 | 0,28 | 10,4 | |
| Биљана Јанура | 4 | 0 | 4 | 0,57 | 7 | |
| Лидија Чачева | 6 | 0 | 6 | 0,57 | 10,5 | |
| Јорданка Клетничка | 5 | 0 | 5 | 0,48 | 10,25 | |
| ВКУПНО: | 2486 | 1142 | 3628 | | | 2892 |

**ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА СООБРАЌАЈОТ**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Христина Шикалеска | 6 | 0 | 6 | 0,57 | 10,5 | |
| Зденка Сибиноска | 1320 | 2474 | 3794 | 361,3 | 10,5 | |
| Драгица Стојанова | 1468 | 1817 | 3285 | 312,8 | 10,5 | |
| Благоја Алексовски | 1196 | 1980 | 3176 | 302,4 | 10,5 | |
| Јорданка Клетничка | 1598 | 1731 | 3329 | 324,7 | 10,25 | |
| Милка Ангеловска | 1627 | 1642 | 3269 | 326,9 | 10 | |
| Бојан Ефтимов | 1015 | 1394 | 2409 | 344,1 | 7 | |
| Јован Лазаревски | 1649 | 598 | 2247 | 214 | 10,5 | |
| Ѓорѓе Томановиќ | 4 | 0 | 4 | 0,38 | 10,5 | |
| Јане Тапанџиоски | 2 | 0 | 2 | 0,19 | 10,5 | |
| Стефан Јовчевски | 549 | 61 | 610 | 203,3 | 3 | |
| Весна Богдановска | 1105 | 209 | 1314 | 262,8 | 5 | |
| Зора Божиновска | 869 | 474 | 1343 | 158 | 8,5 | |
| Софка Котовска | 8 | 0 | 8 | 0,76 | 10,4 | |
| Биљана Јанура | 1 | 0 | 1 | 0,14 | 7 | |
| Лидија Чачева | 5 | 0 | 5 | 0.47 | 10,5 | |
| Снежана Шуплиновска | 5 | 0 | 5 | 0.47 | 10,5 | |
| ВКУПНО: | 12427 | 12380 | 24807 | | | |

**ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Христина Шикалеска | 304 | 397 | 701 | 66,76 | 10,5 | |
| Ѓорѓе Томановиќ | 498 | 204 | 702 | 66,85 | 10,5 | |
| Јане Тапанџиоски | 236 | 306 | 542 | 51,61 | 10,5 | |
| Зденка Сибиноска | 177 | 80 | 257 | 24,47 | 10,5 | |
| Драгица Стојанова | 280 | 0 | 280 | 26,66 | 10,5 | |
| Благоја Алексовски | 143 | 137 | 280 | 26,66 | 10,5 | |
| Јорданка Клетничка | 168 | 113 | 281 | 27,41 | 10,25 | |
| Милка Ангеловска | 41 | 233 | 274 | 27,4 | 10 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стефан Јовчевски** | **72** | **0** | **72** | **24** | **3** | |
| **Бојан Ефтимов** | **0** | **183** | **183** | **26,14** | **7** | |
